ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Број 14-9032/1
Дата 27-05-2011

30.05.2011

ДО

03 8785/1

- **ФЗО ПОДРАЧНА СЛУЖБА**
  **За Раководителот**
- **ФАРМАЦЕВТСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
  **За Претседател, Проф.д-р Лидија Петрушевска Този**
- **ЛЕКАРСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
  **За Претседател, Проф.д-р Владимир Борозанов**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со работењето на приватните здравствени установи (аптеки и ординации) кои имаат договор со ФЗОМ и контролата од подрачните служби на ФЗОМ, во интерес на квалитетно, ефикасно и унифицирано работење согласно договорните одредби и другите законски прописи, по укажување од страна на Фармацевтската Комора на Македонија, Ве известуваме за следното:

1. на рецептниот образец на ФЗОМ аптеките треба да пополнат референтна цена на лекот со ДДВ, согласно одлуката за референтни цени на лекови на ФЗОМ каде стои референтна цена со ДДВ и одлуката за квотите на аптеките,
2. на рецептниот образец на ФЗОМ лекарите треба да го запишуваат правилно генеричкото име на лекот. Рецептите со незначителни грешки во генеричкото име на лекот (пример: olanzapin - olansapin), се прифаќаат,
3. аптеките треба уредно да ги пополнат податоците на рецептот. Ако шифрата која се пополнува на рецептот излегува надвор од квадратчињата, тие рецепти да се прифатат
4. на рецептот треба да се читливи и препознатливи и печатот на ординацијата и факсимилот на лекарот, а доколку не се, тие рецепти не се прифаќаат
5. полето за количина на лекот на рецептот аптеките треба да го пополнуваат за лекови чии пакувања се делат
6. во случај кога на рецептот покрај генеричко име е напишано и заштитено име на готов лек, аптеката може да го издаде само тој готов лек со одредено заштитено име со

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел: 02 3289 055
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

согласност од осигуреникот, без корегирање на рецептот. Осигуреникот има право на информација и избор на готов лек, особено за лековите кои се без доплата.

7. ако не се читаат последните букви од факсимилот на фармацевтот (пр. вска – ска или ски), а бројот на факсимилот е целосен и препознатлив, тие рецепти се прифаќаат.

За горенаведеното, ве молиме веднаш да ги информирате сите засегнати страни.

ФЗОМ и Фармацевтската Комора на Македонија се сложија со заеднички напори да се работи на максимално подобрување и усогласување на работењето во аптеките, ординациите и контролата од подрачните служби.

За таа цел е договорено да се организираат заеднички обуки во 5 поголеми градови во РМ, според агендата што дополнително ќе биде договорена. За истото навремено ќе бидете информирани.

**Директор**
**М-р Маја Парнарџиева Змејкова**

**ВД Директор**
**М-р Виолета Петровска**

Изготвил: Кристина Тосевска
Контролирал: Атанас Стојаноски
Одобрил: Кристина Христова
Трајче Саздов
Снежана Бузалкова Китанчева